РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 04.06.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2341/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 јуни 2025 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 јуни 2025 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 11.04.2025 година, за непочитување на членот 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр. 03-123 од 11.04.2025 година) на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (14.04.2025 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот надзор врз програмскиот сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 3 јуни 2025 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда од

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност.

На контролниот надзор му претходеше службена, консултациска преписка меѓу Агенцијата и ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, со цел на уредништвото да му се предочи дека првичниот, хибриден концепт за емисијата - *„Thirre 21-shin (Повикај го 21)“,* замислен како - актуелно-информативно говорно шоу со доделување награди за гледачи-известувачи, не ги исполнува законски пропишаните критериуми за таков вид емисија. Потоа, уредништвото на радиодифузерот достави официјално известување (наш арх. бр. 03-2333/1 од 03.06.2025 г.) дека – веќе од 1 јуни 2025 година хибридниот концепт е преиначен во стандарден концепт за актуелно-информативна емисија (без наградната интеракција со гледачите).

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***